Д.П. бр. 01/18

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Матилда Бабиќ, претседател на советот, Нада Прочкова, Снежана Таневска, Петар Аневски и Љубинка Башевска, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против Нотарот Р.П. од С., по одржаниот претрес согласно член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во отсуство на нотарот уредно поканет, а во присуство на А.Д., адв. од С., со уредно полномошно, во својство на бранител на нотарот, на ден 9.11.2018 год., ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Нотарот Р.П. од С., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда од член 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што при вршењето на нотарската служба наплатените судски такси не ги уплатува во текот на работниот ден или најдоцна наредниот работен ден, туку тоа го прави по истекот на повеќе од две години односно по истекот на рокот предвиден во член 3 став (2) од Правилникот за плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, и начинот на плаќање на судските такси преку мобилини опретатори или преку интернет, и спротивно на истата одредба копија од уплатницата и примерок на спецификацијата не ја приложува кон секој предмет за кој е платена судската такса (пример во предметите ОДУ бр. 435/15, ОДУ бр. 7о5/15, ОДУ бр. 87/16, ОДУ бр. 109/16, ОДУ бр. 204/16, ОДУ бр. 208/16, ОДУ бр. 404/16, ОДУ бр. 450/16, УЗП бр. 4676/15, УЗП бр. 4661/15, УЗП бр. 3838/15, УЗП бр. 531/16, УЗП бр. 1385/16 и УЗП бр.3146/16, поради што се казнува со парична казна во висина на **четири плати** на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката.

Д.П. бр. 01/18

**О б р а з л о ж е н и е**

Во Предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет од страна на Нотарската комора на Република Македонија, бр. 02-757/1 од 1.06.2018 год., се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на одлуката сторил дисциплинска повреда од член 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Во текот на дисциплинската постапка, бранителот на нотарот во изнесената одбрана наведе дека од извршениот увид во предметот и доказите кои се во вид на службени белешки со прилог на материјални докази, посебно службената белешка од 27.03.2018 год., се утврдува дека судската такса е уплатена, што значи дека на страна на нотарот не постои вина. Тоа се утврдува од белешките за евиденција и од изводот од кој се гледа дека таксата е платена. Против нотарот нема правосилна одлука со која е дисциплински казнет. Станува збор за голема нотарска канцеларија во која има повеќе вработени поради што не може да се води контрола на се′. Смета дека предлогот не соодветствува на повредата од членот 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот.

За доказ се приложени : налози за пренос на парични средства и спецификации со број на предмети, дата и износи на судската такса;

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот, како и врз основа на оцена на изведените докази, Дисциплинскиот совет наоѓа дека именуваниот нотар е виновен за сторена дисциплинска повреда од член 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот („Сл. весник РМ“ бр. 55/07, 86/08,139/09 и 135/11) – „неводење евиденција за наплатена награда, трошоци и такси согласно со овој закон и соодветните правилници“.

Ова поради тоа што при вршењето на нотарската служба наплатените судски такси не ги уплатува во текот на работниот ден или

најдоцна наредниот работен ден, туку тоа го прави по истекот на повеќе од две години односно по истекот на рокот предвиден во член 3 став (2) од Правилникот за плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, и начинот на плаќање на судските такси преку мобилини оператори или преку интернет, и спротивно на истата одредба копија од уплатницата и примерок на спецификацијата не ја приложува кон секој предмет за кој е платена судската такса. Во предметот ОДУ бр. 435/15 од 24.06.2015 год., ОДУ бр. 87/16 од 10.02.2016 год., УЗП бр.3838/15 од 23.06.2015 год., УЗП бр. 531/16 од 2.02.2016 год. и УЗП бр. 1385/16 од 15.03.2016 год., преносот на судската такса во полза на Буџетот на РМ е извршен на ден 25.04.2018 год., видно од изводот бр. 83 за промени на состојбата на средствата на сметка од 25.04.201 год., во предметот ОДУ бр. 109/16 од 19.02.2016 год., ОДУ бр. 204/16 од 1.04.2016 год., ОДУ бр. 208/16 од 4.04.2016 год., ОДУ бр. 404/16 од 6.07 .2016 год., ОДУ бр. 450/16 од 26.04.2016 год., УЗП 4676/15 од 13.08.2015 год. и УЗП бр. 4661/15 од 13.08.2015 год., преносот на судската такса во полза на Буџетот на РМ е извршен на ден 26.04.2018 год., видно од изводот бр. 84 за промени на состојбата на средствата на сметка од 26.04.2018 год., и во предметот ОДУ 705/15 од 10.11.2015 год. и УЗП бр. 3146/16 од 16.06.2016 год., преносот на судската такса во полза на Буџетот на РМ е извршен на ден 27.04.2018 год., видно од изводот бр. 85 за промени на состојбата на средствата на сметка од 27. 04. 2018 год. Од наведените причини нотарот не можел навремено да постапи согласно цитираниот член 3 став (2) од наведениот Правилник во поглед на обврската за изготвување на дневна спецификација за предметите за кои извршил уплата на судска такса и копија од уплатницата и примерок од спецификацијата навремено да ги приложи кон секој предмет за кој е платена судската такса.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет ја ценеше одбраната на нотарот која укажува дека не постои дисциплинска одговорност на негова страна бидејќи судската такса е уплатена, а

притоа имајќи го предвид фактот дека станува збор за голема нотарска канцеларија поради што истиот не може се′ навремено да контролира, но не можеше да ја прифати како основана. Имено, во записникот бр. 02-189/1 од 9.02.2018 год. од извршениот надзор над нотарското работење на нотарот, извршен на ден 3.02.2018 год., е констатирано дека нотарот не доставува на увид уплатници и примерок од спецификации за секој предмет за кој е уплатена судската такса, поради што е задолжен тоа да го стори во рок од 15 дена. На ден 26.03.2018 год. нотарот по мејл има доставено фотокопии на уплатници и спецификации, меѓутоа бидејќи уплатниците не содржат потпис од овластено лице на банката и не се електронски спроведени од банката, од нотарот на ден 20.03. и 23.04.2018 год. е побарано да достави банкарски изводи од кои ќе се утврди кога преносот е извршен. На ден 18.05.2018 год. нотарот има доставено заверени банкарски изводи за извршен пренос на парични средства по основ на судска такса во полза на Буџетот на РМ од кои е видно, како што е тоа понапредутврдено, дека преносот е извршен на ден 25, 26 и 27.04.2018 год., што значи после извршениот надзор од страна на Комисијата за надзор на ден 3.02.2018 год. и повеќе од две години од денот кога преносот требало да биде извршен. Со ваквото постапување, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, нотарот ја сторил дисциплинската повреда од членот 126 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот – „неводење евиденција за наплтатена награда, трошоци и такси согласно со овој закон и соодветните правилници, во случајов Правилникот за плаќање на судските такси во готови пари на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка, и начинот на плаќање на судските такси преку мобилини оператори или преку интернет.

При одмерувањето на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 7 од Правилникот за дисцлинска одговорност и дисциплинска постапка кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа Дисциплинскиот совет го имаше предвид

фактот дека нотарот досега дисциплински е казнуван со парична казна изречена со одлуката ДП бр. 19/15 од 20.06.2018 год., потврдена со одлуката на УО на Нотарската комора бр. 02- 1390/4 од 13.10.2018 год, дека со сторената дисциплинска повреда, со оглед на повеќегодишното задоцнување со уплатата на судската такса, е причинета штета на Буџотот на РМ, поради што за сторената дисциплинска повреда е изречена дисциплинска мерка – парична казна во висина на 4 плати на претседател на основен суд со проширена надлежност на денот на донесувањето на одлуката.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – парична казна, воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори вооченената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот на одлуката согласно член 33 став (1) точка 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРМ.

**ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НКРМ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Матилда Бабиќ**

ПРАВНА ПОУКА: против одлуката
може да се поведе управен спор
пред надлежниот суд во рок од
30 дена по приемот;

ДН: А.Д., адв. од С.;
Архивата;